# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## 1. ОПИС НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Потребата од измена и дополнување на Законот за управување со кризи произлегува од неговото усогласување со реализацијата на Проектот и започнатата Имплементација на Европскиот број за итни повици во Република Северна Македонија Е-112. Тоа е активност која со целосната и постојаната соработка на Центарот за управување со кризи и Канцеларијата на Европската Унија во Скопје, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за информатичко општество и администрација и сите органи на управата кои имаат допирни точки со Е-112 се реализра и е во тек. Во проектот Е-112 и неговата имплементација се вклучени Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Дирекцијата за заштита и спасување, Агенцијата за електронски комуникации и други. Паралелно со реализацијата на проектот, се јавува и потребата од измени и дополнување на постојниот Закон за управување со кризи, („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18). Измената и дополнувањето на законот е потребно подетално да ги дорегулира неколкуте делови поврзани со самиот проект и секако да ја доуреди организацијата и функционирањето на Е -112 согласно бараните Европски стандарди.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДЛОГ РЕГУЛАТИВАТА

Целта на предлог измените и дополнувањата на Законот за управување со кризи, подразбира подобрување и детално дефинирање на статусот, организацијата и начинот на функционирањето на Европскиот број за итни повици Е-112, во Републиката.

## 3. МОЖНИ РЕШЕНИЈА (ОПЦИИ)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Доколку се одбере опцијата „не прави ништо", останува во сила постојниот закон и состојбата со констатираните проблеми ќе остане иста.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Решенијата кои се предлагаат се содржани во предлог текстот за измена и дополнување на Законот за управување со кризи. Истите се разговарани и договарани во соработка со европските искуства на земјите членки на Европската унија кои во минатиот период го имаат имплементирано Европскиот број за итни повици Е-112. Унгарската компанија која е задолжена за имплементацијата на Е-112, како и за контрола и надзор во спроведувањето на самата имплементација во

Републиката и која го има добиено меѓународниот тендер за имплементација на Е-112, бара исполнување на сите утврдени европски стандарди и целосно исполнување на критериумите за функционирање на бројот 112.

## 4. ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЈАТА НА РЕГУЛАТИВАТА

### 4.1. Економски влијанија

Измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи нема да предизвика економски влијанија.

### 4.2. Фискални влијанија

Измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи ќе предизвика минимални фискални влијанија. Истите се однесуваат на минимални разлики кои ќе се појават во приемот и преземањето на вработените од други институции и нивното вклопување во систематизацијата на предвидените работни места поврзани со функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем со единствен број на повик-јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, (Е-112). Систематизацијата е предвидена и усогласена со исполнување на посебните услови предвидени за работните места и позиции, особено за лицата кои ќе работат во сменската работа како примачи на телефонските повици на бесплатниот телефонски број 112 и одговорните лица за сменските работи на Е-112. Од сето ова произлегува можноста одредени лица кои ќе се преземат од другата институција да бидат распоредени на повисоки утврдени работни места согласно систематизацијата и со тоа да се предизвикаат фискални влијанија.

### 4.3. Социјални влијанија

Со измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи ќе се обезбеди подобра заштита на здравјето и животот на луѓето.

### 4.4. Влијанија врз животната средина

Измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи нема да предизвика влијанија врз животната средина.

### 4.5. Административни влијанија и трошоци

а.) трошоци за спроведување

Измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи нема да предизвика трошоци за неговото спроведување.

б.) трошоци за почитување на регулативата

Со предложените законски решенија, не се предлага воведување на нови административни оптеретувања, формалности и трошоци, односно не се предвидени нови трошоци за издавање лиценци, дозволи и друго за правните и физичките лица, со што не се влијае на конкурентноста.

5. КОНСУЛТАЦИИ

5.1. Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнатите страни веќе ги имаа дадено своите мислења кога во врска со предлог текстот на законот до Влада на Република Северна Македонија, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Агенција за електронски комуникации, Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии, беше доставанена Информација број 09-3138/3 од 29.12.2020 година.

Дополнителните забелешки и мислења засегнатите страни ќе можат да ги дадат на ЕНЕР.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

/

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАЧАНО РЕШЕНИЕ

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

/

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

/

6.3 Препорачано решение со образложение

Согласно претходно доставени материјали до Владата на Република Северна Македонија, и тоа:

- Информацијата за потребите од Измена и дополнување на Законот за управување со кризи, со број 09-3138/3 од 29.12.2020 година,

- Измена и дополнување на Информацијата за разгледување и мислење број 09-201/3 од 22.01.2021 година, доставени на разгледување и мислење до гореспоменатите засегнати страни и

- Заклучокот на Владата од Извадок од Нацрт – записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 02.02.2021 година, каде што Министерството за одбрана беше задолжено во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Центарот за управување со кризи, во рок од еден месец да направат анализа дали е потребно изменување и дополнување на законската регулатива, со цел воведување на Е-112, ВО ОВАА ПРИЛИКА, СЕ ПРЕДЛАГА И ПРЕПОРАЧУВА РЕШЕНИЕ СО ДОСТАВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ. Решенијата се содржани во законските измени и дополнувања.

## 7. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАЧАНОТО РЕШЕНИЕ

7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за управување со кризи, се јавува потреба за предлагање на измена и дополнување на подзаконската регулатива со донесување на Уредба за организација и функционирање – воспоставување на единствениот комуникациско информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е-112.

7.2. Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Уредба за организација и функционирање – воспоставување на единствениот комуникациско информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата териоторија на Републиката, Е-112, која е потребно да биде донесена веднаш по донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за управување со кризи, во најкратот можен рок.

7.3. Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

За спроведување на целите на законот надлежен е Центарот за управување со кризи.

## 8. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

8.1. Начин на следење на спроведувањето

Резултатите од предложените законски решенија, ќе се следат преку континуирано следење на примената на предложениот закон.

8.2. Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите од предложените законски решенија, може да се дадат откако предложениот закон ќе започне да се применува во пракса.

Очекувањата се однесуваат во делот на:

- Постигнување и зголемување на квалитетот на услугата од страна на професионалните служби и новиот број Е-112 кон сите корисници на кои може да им е потребна итната помош.

-Успешно искористување на можностите и квалитетот што ги нуди Е-112, обезбедување на поголема достапност за користење на Е-112 на луѓето со различен хендикеп,

- Наметнување на нова легислатива за мобилните и фиксните оператори, јавните медиуми и други провајдери во обезбедување податоци за локациите од кои се прима повик, проверка и итна интервенција, можноста од користење и праќање на СМС пораки, прекин на програма на радио и ТВ и давање препораки за населението и граѓаните од страна на оперативните служби Е-112 за итни постапки во различни опасни случаи.

- Изградба на модерен, ефикасен модел на функционирање на Е-112 на јазиците со кои се користи населението во државата, во соседните држави, како и потребно користење на барем еден од светските јазици. Повеќејазичните услуги се клучна компонента во портфолиото на можните телекомуникациско-информатички решенија на Е-112. Секое лице со бирање на 112 треба да биде во можност да добие помош без јазикот да биде пречка.

- Обезбедување рамка на најдобри практики за ИП телефонија што треба да се користи за центрите за итни повици. Поддршка на комуникациски технологии и дизајнираност за поддршка комуникациски протоколи како глас, видео, текст, прием на смс, гсм, интернет, комуникација преку социјални мрежи и други, како и достапност од и за сите категории на луѓе како и хендикепирани лица на различни локации и места.

- Новата и следна генерација NG-112 предвидува и воведување на Е-повикот во следните години. Сегашниот стандард го дефинира вградениот модем за Е-повици кој што се користи за комуникација меѓу системот во возилото и центарот за итна помош во случај на сообраќајна незгода на возилото и потреба од итна помош.

Ова се накусо, дел од ефектите и европски утврдените стандарди кои треба да бидат обезбедени во интерес на брза-ИТНА и ефикасна интревенција во спасување на животи на луѓе кои може да се најдат или се во животна опасност, кои ќе ги обезбеди воведувањето во употреба на бесплатниот 112 телефонски број.

Изјава од државниот секретар

Нацрт извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот

Датум .03.2021.

Потпис на Државен Секретар

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
II
Скопје-Shkup

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум 03.2021

Потпис на Министерот